## 98. ЈУНАК ВРВИ НИЗ ГОРИЦА ЗЕЛЕНА

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Пеела: Ленка Глигорова
Родена: Кавадарци, 1890 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: неснимена
Забележена: Кавадарци, Тиквеш
меѓу 1932 и 1938 год.
Мелограф.: Кавадарци, 1932—36 г.




1. Јунак врви низ горица зелена,
   нема дума с'кого да си продума.

2. Тутун пие и на конче говори:
   брзај конче, брзај да пристигнеме.

3. Да идеме дека бевме завчера,
   тамо има до три моми убави:

4. Првата е убавица не толку,
   фтората е продај конче земи ја,

5. фтората е продај конче земи ја,
   третата е заложи се за неја.

Забелешка: Секој стих се пее по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.